Број: 11-6075/3
Датум: 29.08.2024 год.
Скопје

Врз основа на член 50, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со Глава II. Проектни активности точка 4. Стипендии за талентирани ученици од основните училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2024/2025 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа образование за 2024 година (Службен гласник на Општина Карпош бр. 16/23, 2/24 и 5/24 ) Комисијата за реализирање на програмски активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2024 година со бр.09-8254/1 од 05.12.2023 год, 09-8254/21 од 26.12.2023 год, 09-8254/23 од 29.12.2023 год 09-26/1 од 03.01.2024 год, 09-26/19 од 04.01.2024 год и Одлуката за објавување на Оглас за доделување стипендии за талентирани ученици од основните училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2024/2025 година. со број.11-6075/2 од 29.08. 2024 година**,** Комисијата објавува:

# ОГЛАС
## за доделување на стипендии за талентирани ученици од основните училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2024/2025 година

## 1. Услови за доделување стипендија

- Да се жители на општина Карпош;
- Да се редовни ученици во VIII или IX одделение во основните училишта на територија на Општина Карпош;
- Да имаат освоено I, II или III место на акредитирани натпревари;
- Да оствариле континуиран одличен успех во текот на школувањето од VI –VIII, односно VII - IX одделение.

Огласот за доделување стипендии за телентирани ученици за учебната 2024/2025 година, ќе се објави на веб страницата на Општина Карпош, и во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

## 2. Критериуми за доделување стипендија

Право на разгледување имаат само дипломи за освоено I, II или III место од здруженија, организации, друштва, асоцијации акредитирани од Министерство за образование и наука од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста од VI до VIII за редовни ученици во 8 одделение, односно од VII до IX одделение за редовни ученици во 9 одделение:
- I место на **општински** натпревар (0.5 бода);
- I, II или III место на **регионален** натпревар (3 бода,2 бода,1 бода);

- I, II или III место на **државен** натпревар (8 бода, 6 бода, 4 бода);
- I, II или III место на **меѓународен** натпревар (15 бода, 12 бода, 10 бода);
-Златен, сребрен или бронзен медал на **меѓународен натпревар** (15 бода, 12 бода, 10 бода).

Линк за акредитации од МОН: https://mon.gov.mk/content/?id=8626

* Освоените места на групни натпревари нема да бидат бодувани.

* Натпревари кои се спроведени по електронски пат не се бодуваат.

* Под меѓународен натпревар се подразбира натпревар во кој учествуваат ученици од најмалку 5 (пет) различни држави, на кој се споредуваат знаењата помеѓу учениците од различни држави и се врши рангирање на најдобрите ученици. Во прилог доказ/потврда од организаторот на натпреварот за бројот на државите-учесници.

## 3. Потребни документи:

Со барањето, учесниците на Огласот треба да достават:

-Документ/доказ дека живее во Општина Карпош (копија од лична карта од родител/старател);
- Потврда од училиштето дека е редовен ученик во VIII односно IX одделение во учебната 2024/2025 година;
- Кратка биографија на ученикот (CV);
- Фотокопии од сведителства како доказ за континуиран одличен успех;
- Фотокопии од дипломи од освоени места на натпреварите;
- Препорака од класен раководител/ предметен наставник;

## 4. Висина на стипендија и рангирање

Висината на стипендијата изнесува:

-за **втора категорија** 3.000,00 денари месечно за освоени од 8 до 15 бода
-за **прва категорија** 3.500,00 денари месечно за освоени од 16 и повеќе бода
Стипендиите се доделуваат за осум месеци во текот на учебната 2024/2025 година.

## 5. Начин на пријавување

Документите се доставуваат во затворен плик во Архивата на Општина Карпош или по пошта на ул. Радика бр. 9, Скопје, со назнака „За доделување стипендии на талентирани ученици од основните училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2024/2025 година “.

## 6. Рок за поднесување на документи

Крајниот рок за поднесување на документите по Огласот е заклучно со 13.09.2024 година. Документите на кандидатите кои не се комплетни и не се навремено доставени нема да бидат разгледувани.

**Напомена:** На ученикот кој конкурирал за две стипендии во Општина Карпош (за образование и за спорт) и ги исполнил условите за добивање на двете стипендии, му се доделува само една стипендија по негов избор, врз основа на доставена изјава за која стипендија се одлучил.

Постапката по јавен оглас ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми.

**ОПШТИНА КАРПОШ**
Комисија за реализирање на програмски активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2024 година